Народна банка на Република
Северна Македонија

DEVELOPMENT FACILITY

# Резултати од Анкета за развој на финтек-секторот во РСМ

20 јануари 2021 година

# Временска рамка на активности за поддршка на развојот на финтек-секторот во РСМ

мај
2018

Прва финтек
работилница

ноември
2019

Народната банка отвори **Порта за иновации** – платформа за комуникација со финтек-секторот.

декември
2019

Втора финтек
работилница

септември -
ноември
2020

**Мапирање на финтек-екосистемот и Анкета** – основа за поставување национална финтек стратегија.

декември
2020

**Физибилити
студија**



# Која беше целта на Анкетата?

1. Да се идентификува **потребата** и **двигателите** за развој на финтек-секторот

2. Да се оцени **окружувањето** и да се направи првично **мапирање на екосистемот**

3. Да се согледаат **предностите** од развојот на финтек-секторот

4. Да се испитаат **пречките** и да се согледаат **предизвиците** за натамошен развој на финтек-секторот

5. Да се согледа потребата за **национална стратегија за развој на финтек-секторот во РСМ**



# Општо за Анкетата:

- анкетата беше спроведена во периодот од **5-26 октомври 2020** година, **по електронски пат**

- прашањата беа доставени до **6 групи испитанци,** на англиски јазик

- комбинација од **општи** и **дополнителни** прашања

- анкетата беше **анонимна**

- дополнително – **кратки онлајн интервјуа**

## Учество во вкупните одговори по групи испитаници

- анкетата ја одговорија **220 испитаници** -



# 1. Потреба за развој на финтек-секторот во РСМ




- Сите испитаници го разбираат **значењето на финтекот за економијата** и речиси сите (89%) ја оправдуваат **потребата за развој на финтек-секторот**.

# 2. Мапирање на екосистемот во РСМ



# 2. Оцена на окружувањето – **традиционални институции**

- Анализата на одговорите на **банките и останатите небанкарски институции** покажува дека најголем дел или **72%** преземаат иницијативи за дигитална трансформација

- Според одговорите на испитаниците од овие две групи релативно поголем дел од иницијативите се од страна на **банките**






# 2. Оцена на окружувањето – **традиционални институции**

- Според одговорите, повеќе од половина од традиционалните финансиски институции или **58%** одговориле дека **развиваат финтек-производи или финтек-услуги**

- Притоа, релативно е **поголем бројот на одговори од банките** во однос на одговорите од останатите небанкарски институции **кои работат на развој на финтек-производи или финтек-услуги**






# 2. Оцена на окружувањето – **традиционални институции**

- Најголем број од банките и останатите финансиски институции **немаат посебна ОЕ или одговорно лице за дигитална трансформација**

- Од новите технологии, најзастепена е **автоматизацијата**, по што следат **иновациите во плаќањата** и **анализите со користење на големи бази податоци** (англ. Big data analytics)

Дали во вашата институција има посебна ОЕ или одговорно лице на висока позиција за дигитална трансформација?






# 2. Оцена на окружувањето – **традиционални институции**

- **Соработката на банките и небанкарските институции** со компании кои обезбедуваат услуги за поддршка на финтек-секторот е **во почетна фаза**.






# 2. Оцена на окружувањето – **традиционални институции**




Покрај **регулативата** како најголем предизвик, 50% од двете групи испитаници се согласуваат дека **"пазарот не е доволно голем да ја оправда инвестицијата"**, а помалку од половина (40%) сметаат дека постои **"отсуство на капацитет или талент за спроведување"**.

**"Недостатокот на финансиски средства"** е поизразен како предизвик кај небанкарските институции во однос на банките, додека релативно помал број на испитаници (20-30%) се согласуваат дека **"отсуството на прифатеност од страна на менаџментот"** е предизвик.

# 2. Оцена на окружувањето – **компании за алтернативно финансирање**

- **Еден дел од компаниите за алтернативно финансирање** одговориле дека тековно **спроведуваат или имаат воведено тн. финтек-решенија**




- **Поголем дел од испитаниците од оваа група (66%) сметаат дека постои побарувачка** односно дека населението е подготвено да **прифати финтек производи и услуги**



# 2. Оцена на окружувањето – **компании за алтернативно финансирање**

- Во однос на **воспоставувањето партнерство со традиционалните финансиски институции**, најголем број од испитанците одговориле дека **процесот претставува предизивик**, при што еден дел од испитаниците сметаат дека не можат да оценат односно дека не се сигурни




- Слични се одговорите и во поглед на обезбедување финансирање



# 2. Оцена на окружувањето – од **регулаторен аспект**

- Имајќи ги предвид предностите од развојот на финтек-секторот, поголем дел од испитаниците од групата регулатори (**76%**) **сметаат дека тековната регулатива треба да се прилагоди на новите иновативни компании**

- Кога станува збор за **подготвеноста на финтек компаниите за исполнување на регулаторните барања,** одговорите на испитаниците се поделени






# 2. Оцена на окружувањето – од **регулаторен аспект**

- **Од** вкупно **29** испитаници од групата алтернативни комапнии за финансирање, **15** (или 52%) одговориле дека се **запознаени со Портата на иновации на Народната банка**




- **Од** вкупно **15** испитаници, **7** (или 47%) одговориле дека **оствариле контакт со вработени од Народната банка** преку Портата на иновации и дека **нивното искуство е позитивно**



# 2. Оцена на окружувањето – **од регулаторен аспект**

- Мнозинството од испитаниците од групата регулатори сметаат дека **е потребно да се воспостави Regulatory Sandbox**




- Поголем дел од испитаниците од оваа група сметаат дека имаат **потреба од повеќе вработени со финтек вештини и** дека имаат **потреба за развивање финтек вештини кај тековните вработени**



# 2. Оцена на окружувањето – **институции за поддршка на финтек-секторот**

- Мнозинството од испитаниците од групата инкубатори, акцелератори и потенцијални инвеститори (71%) сметаат дека **државата треба да ги поттикне инвестициите во потенцијални финтек-компании**

- **Фонд за иновации и технолошки развој** - решение кое во иднина би го олеснило процесот на финансирање на малите бизниси со иновативни решенија, преку тн. Fund of Funds

- потреба за развој на сегментот на бизнис “ангели”

- Со донесување на националната стратегија, повеќе **кредитни линии би биле на располагање за малите бизниси со иновативни идеи** и **за традиционалните финансиски институции** доколку тие поттикнуваат иновативни решенија



# 3. Предности и придобивки од развојот на финтек-секторот во РСМ






# 4. Ризици и предизвици од развојот на финтек-секторот во РСМ






# 4а. Законски и регулаторни пречки за развој на финтек-секторот во РСМ






# 4б. Технологии со потенцијално најголемо влијание во наредниот период






# Што ни покажаа резултатите од анкетното истражување?

- **потребата за развој на финтек-секторот е оправдана,** а **придобивките и можностите** кои ги носи развојот на финтек-секторот **се јасни**

- **дигиталната трансформација е во фокусот** на сите инволвирани страни во екосистемот

- **соработката на банките и небанкарските институции** со компании кои обезбедуваат услуги за поддршка на финтек-секторот е **во почетна фаза**

- **свесноста за ризиците** кои произлегуваат од процесот на **дигиталната трансформација е на солидно ниво**

- **регулативата е значаен фактор** за **поддршка на развојот на финтек-секторот**

- и покрај сите предизвици и ризици, **постои подготвеност за трансформција на секторот за финансиски услуги**



# Временска рамка на активности за поддршка на развојот на финтек-секторот во РСМ

маj 2018

Прва финтек работилница

ноември 2019

Народната банка отвори **Порта за иновации** – платформа за комуникација со финтек-секторот.

декември 2019

Втора финтек работилница

септември - ноември 2020

**Мапирање на финтек екосистемот и Анкета** – основа за поставување национална финтек стратегија.

декември 2020

**Физибилити студија**

**Национална финтек стратегија** – со планирани активности за натамошен развој на финтек-секторот.

**Regulatory sandbox**

# Ви благодариме за вниманието!